Проект „**Имплементација на мерките за Заедничко уредување на пазарите**

**во Република Северна Македонија**”

На 19 јануари 2026 година започна со реализација проектот „**Имплементација на мерките за Заедничко уредување на пазарите во Република Северна Македонија**”.

Главната цел кон која придонесува овој проект е зголемување на можностите за маркетинг, економскиот развој и целокупната продуктивност во земјоделскиот сектор, истовремено подобрувајќи ја конкурентноста и промовирајќи еколошки прифатливо земјоделство во согласност со условите за пристапување во ЕУ.

Истиот претставува директна поддршка за воспоставувањето колективни структури за производителите, подобрувајќи ја соработката и позицијата на земјоделците во синџирот на снабдување.

Надоградувајќи се на претходните проекти и достигнувања во рамките на ИПА, покрај усогласувањето на националното законодавство со законодавство на ЕУ од областа за Заедничко уредување на пазарите; ќе се постигне подигање на свеста кај земјоделците за придобивките од основање организации на производители и подобрување на организацијата на пазарот, вертикалната интеграција и квалитетот. Воедно ќе се создадат организации на производители во потсекторите каде што ќе се воведат мерки за спречување на ризици и алатки за управување и спроведување на минимални стандарди за квалитет. Дополнително мерките ќе придонесат кон полесно и подостапно промовирање на земјоделски производи. Исто така, ќе се реализираат обуки на вработените во институциите кои се одговорни за спроведување на политиките за ЗУП.

Имплементација на мерките за Зедничкото уредување на пазарите во Северна Македонија, е во согласност со целите на Стратегијата на ЕУ „Од фарма до трпеза“ за фер, здрав и еколошки систем за храна и со принципите на циркуларна/зелена економија за поддршка на одржливи вредносни синџири.

Директни корисници на проектот се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и други владини и јавни институции, како и земјоделци, земјоделски задруги и потенцијални организации на производители. Други засегнати страни како што се преработувачи, трговци и нивните организации се индиректни корисници на проектот.

Во досегашноит период работата на проектот беше насочена кон унапредување на системот за Заедничка организација на пазарите (СМО) и негово усогласување со правилата на Европската Унија.

Завршен е процесот на идентификување и вклучување на засегнатите страни, при што се изработени мапа на институции и организации, регистар на засегнати страни и план за нивно понатамошно вклучување.

Направена е проценка на институционалната и правната рамка за спроведување на СМО мерките, а изготвен е и предлог на нов Закон за Заедничка организација на пазарите согласно регулативите на ЕУ.

Изработени се анализи, стратешки документи и акциски планови кои ќе го насочуваат идното спроведување на СМО политиките.

Генерално, постигнат е значаен напредок во создавање на законска рамка, јакнење на институционалните капацитети и подготовка на земјоделските организации за учество во европскиот систем на пазарни мерки.

Проектот е финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2021) со вредност од 840.000€, го спроведува Agriconsulting Europe S.A. (AESA), во конзорциум со CREA – Совет за земјоделски истражувања и економија (Италија) во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и е со времетраењето од 30 месеци.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство